# Соопштение

Центарот за економски анализи волонтира во продолжување на дел од активностите во рамките на проектот “Мониторинг на трошењата од буџетите и политичките партии во предизборниот и изборниот процес” кој го спроведува во партнерство со Транспаренси Интернешнл-Македонија (ТИ-М) а со поддршка од Амбасадата на Кралството Холандија.

ЦЕА направи анализа на буџетските трошења на централно ниво - анализа на месечните извештаи кои ги објавува Министерството за финансии на РМ за извршување на буџетот, која е во согласност со принципите на фискална транспарентност и мониторинг на оддржливост на јавните финансии.

Целото истражување е достапно на следниот **линк.**

**Буџетски Трошења - Централна власт - Резиме**
**Период 1.7.2016-31.7.2016**

- Капиталните трошоци кумулативно до јули 2016 година бележат реализација од 35% од планираниот буџет за 2016 година, и значително под очекуваната рамномерна кумулативна реализација која би изнесувала 58,3% доколку буџетот би се реализирал рамномерно секој месец.

- Кумулативно стапката на реализација на ставката – други трансфери до месец јули изнесува 62% и е 4 п.п. над претпоставената рамномерна месечна реализација од 58%, додека стапката на реализација само во месец јули изнесува 9%.

- Кумулативната месечната стапка на реализација на расходите за стоки и услуги до месец јули изнесува 44%, и е речиси 14 п.п. под претпоставената рамномерна месечна реализација од 58,33%.

- Вкупните даноци до месец јули 2016 година следат вообичаена месечна динамика и бележат подобрување во кумулативна реализација која изнесува 58,86%.

- Стапката на реализација во месец јули на ставката данок на добивка изнесува 9%, додека кумулативната стапка на реализација до месец јули изнесува 66,8%, што за 8,5 п.п. повисока од рамномерните 58,33%, доколку истата би се реализирала рамномерно на месечно ниво во текот на годината.

- Само во месец јули стапката на реализација на ставката расходи Агенција за вработување изнесува 9,5%, додека кумулативната стапка на реализација на ставката социјални трансфери кон Агенција за вработување (вклучително и надоместоци за невработените, расходи за мерките за вработување и сл.) до месец јули изнесува 54%, и речиси 4 п.п. под претпоставената кумулативна рамномерна месечна реализација од 58,33%.

- Буџетскиот дефицит во месец јули 2016 е реализиран над очекуваната рамномерна месечна реализација (8,33%) со стапка на реализација од годишниот буџет за 2016 година од 9,47%. Истиот, спореден со месечните фактори за изминатиот период покажува зголемување во однос на овој период од годината, и е за 6 п.п поголема во споредба со претходниот месец.

- Во месец јули кумулативната стапка на реализација на ставката државни записи се намалува на 37% од вкупно планираниот годишен буџет, односно намалување од 6,5 п.п споредено со кумулативната реализација до претходниот месец.

- Стапка на реализација за месец јули 2016 на буџетската ставка странски заеми од годишниот план е 61,4%, односно кумулативна реализација од 66,5% што е резултат на издавањето на евро обврзницата јули 2016.

**Кумулативна стапка на реализација на ставката “Капитални трошоци”**




Капиталните трошоци кумулативно до јули 2016 година бележат реализација од 35% од планираниот буџет за 2016 година, и значително под очекуваната рамномерна кумулативната реализација која би изнесувала 58,3% доколку буџетот би се реализирал рамномерно секој месец

**Кумулативна и месечна стапка на реализација на ставката “Буџетски дефицит/суфицит”**







Буџетскиот дефицит во месец јули 2016 е реализиран над очекуваната рамномерна месечна реализација (8,33%) со стапка на реализација од годишниот буџет за 2016 година од 9,47%. Кумулативната стапка на реализација заклучно со месец Јули изнесува 42%.